# Здружение РАДКО - Охрид

ул. Галичица бр. 47, 2/4 6000 Охрид / GSM: + 389 71 51 08 26
E-Mail: radkomk@gmail.com / Website: www.radkomk.com


---

## СТАТУТ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Здружението РАДКО - Охрид е основано со решение на Собранието на основачите одржано на ден 24.05.2000г..

Здружението РАДКО - Охрид беше регистрирано во "Регистарот на здруженија" на ден 19.06.2000г. под бр. Рег.Згфа.бр.18/2000 со Решение на Основниот суд – Охрид.

Уставниот суд на Р.М. на ден 21.03.2001г. ги прогласи за ништавни програмата и статутот на здружението. Ова Решение на Уставниот суд на Р.М. беше публикувано во Службен Весник на Р.М. бр. 27 од 10.04.2001г..

Здружението РАДКО - Охрид незадоволно од Решението на Уставниот суд на Р.М. направи жалба до Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) во Стразбург. Жалбата беше регистрирана под бр. 74651/01 на ден 04.10.2001г..

Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) на ден 15.01.2009г. донесе пресуда дека Р. Македонија ја нарушила Европската конвенција и правото на здружување.

Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) со писмо од 05.05.2009г. го информира Здружението РАДКО - Охрид дека пресудата донесена на ден 15.01.2009г. станала правосилна, бидејки Р. Македонија не се жалила на горе наведената пресуда.

Врз основа на член 18 од Законот за здруженија на граѓани и фондации (Сл.Весник на Р.М. бр.31/98), Собранието на основачите на седницата одржана на ден 05.07.2009 година реши да побара пререгистрација на Здружението РАДКО - Охрид.

Со ПРЕСУДА на Врховниот суд на Република Македонија УЖП.бр.940/2010 од 17.05.2011 година здружението РАДКО - Охрид го доби процесот против Решението за нерегистрирање на здружението донесено од страна на Централниот регистер на Република Македонија - Скопје, Регионална регистрациона канцеларија во Охрид број 3 на 31.07.2009 година.

Централниот регистер на Република Македонија - Скопје, Регионална регистрациона канцеларија во Скопје број 1 со ИЗВЕСТУВАЊЕ број 08-3513/3 од 25.07.2011 побара од Здружението РАДКО - Охрид нова комплетна документација за пререгистрација на здружението во рок от 30 дена по приемот на писмото.

Врз основа на член 16 од Законот за здруженија и фондации (Сл.Весник на Р.М. бр.52 од 16.04.2010 г.), а постапувајќи по ИЗВЕСТУВАЊАТА број 08-3513/3 и 08-3513/4 од Централниот регистер на Република Македонија - Скопје, Регионална регистрациона канцеларија во Скопје број 1, Собранието на основачите на Здружението РАДКО - Охрид на седниците одржани на ден 02.08.2011 и на ден 06.09.2011 го донесе следниот

# **С Т А Т У Т**

## **на Здружението РАДКО - Охрид**

## **1. ОПШТИ ОПРЕДЕЛБИ**

### **Член 1**

Со овој статут се утврдуваат основните начела на организирањето на Здружението РАДКО - Охрид:

- името и седиштето;

- официјалните симболи;

- вредности и принципи;

- целите и задачите;

- дејностите со кои се остваруваат целите и задачите;

- членување;

- видот на органите;

- средства за работа;

- контрола за наменско користење и располагање на средствата и приходите;

- застапување и преставување;

- јавност во работата;

- и други прашања утврдени со закон.

### **Член 2**

Здружението РАДКО - Охрид е основано со решенија на одаржаните Собранија на основачите на ден 24.05.2000г.; на ден 05.07.2009г.; на ден 02.11.2011г. и на ден 06.09.2011г..

Здружението РАДКО - Охрид ќе се запише во ЦЕНТРАЛНИОТ РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА како граѓанско правно лице.

**Член 3**

Името на здружението е: Здружение РАДКО - Охрид.

Скратеното име на здружението е: РАДКО - Охрид.

Зборот РАДКО е псевдоним на последниот водач на МАКЕДОНСКОТО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ - Иван Михајлов.

**Член 4**

Здружението РАДКО - Охрид е самостојна, општествена, национално-културна и политичка организација на Бугарите од Р. Македонија.

Здружението РАДКО - Охрид се занимава со афирмација и реализација на идеите на МАКЕДОНСКОТО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ.

Здружението РАДКО - Охрид е создадено заради заштита и реализација на национално-културни и политички права, интереси и убедувања на Бугарите од Р. Македонија.

**Член 5**

Официјалните симболи на Здружението РАДКО - Охрид се неговиот грб, знаме и химна.

Грбот е стилизирана фигура на исправен лав со круна на главата во златна боја. Лавот е свртен од десно кон лево и има расцветана опашка, којашто во горниот крај е свртена надолу. Лавот е втиснат во штит чии што рабови се златно обоени, а внатрешноста на штитот е поделена на два дела од кои горниот е темноцрвен, а долниот е црн.

Знамето е со димензии 2:1, а го сочинуваат две хоризонтални ленти од кои горната е темноцрвена, а долната црна.

Химната е Маршот на македонските револуционери - "Изгреј зоро на слободата".

**Член 6**

Здружението РАДКО - Охрид има свој печат и штембил.

Печатот е со кружна форма со впишан текст РАДКО - Охрид (скратеното име на здружението) во долната половина, а во средината е втиснат грбот на здружението.

Штембилот е во правоаголна форма со впишан текст РАДКО - Охрид (скратеното име на здружението), а во левата страна е поставен грбот на здружението.

**Член 7**

Седиштето на Здружението РАДКО - Охрид е во Охрид, ул. "Галичица" број 47 2/4.

## 2. ВРЕДНОСТИ И ПРИНЦИПИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 8**

Основните вредности и принципи на Здружението РАДКО - Охрид:

- достоинството на човечката личност;

- слободата;

- одговорноста;

- праведноста;

- солидарноста;

- толерантноста;

- семејството;

- родољубието и

- традициите.

**Член 9**

Идејното наследство на МАКЕДОНСКОТО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ, како идејно наследство на антикомунизмот, за Здружението РАДКО - Охрид претставува основа за морален избор, бидејки антикомунизмот претставува вредносен систем.

Антикомунизмот е и политичко и духовно поведение на спротиставувањето на реставрацијата и на рецидитивите на комунистичкото тоталитарно минато и на србокомунистичкото (македонистичкото) робство на Бугарите во Р. Македонија.

## 3. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 10**

Основните цели на Здружението РАДКО - Охрид:

- здружението да биде организација којашто ќе ги афирмира и реализира идеите на МАКЕДОНСКОТО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ;

- здружението да биде организација на способни, предприемчиви и уверени во себе си граѓани, коишто можат да превземаат одговорност за себе си, за своите семејства и за својата Бугарска историско-културна заедница во Р. Македонија;

- здружението да биде организација изградена врз основа на традициите на европската христијанска цивилизација и на христијанските и плуралистичко демократските традиции на Бугарската ренесанса од 19 век;

- здружението да биде организација којашто го интегрира општеството кон вредностите на Европејскиот сојуз и влиае кон усвојувањето на добрите европски практики;

- здружението да биде организација којашто не ги прифаќа комунистичките и другите тоталитарни идеологии;

- здружението да биде организација чиишто членови активно учествуваат во развивањето на бугарската култура и духовност;

- здружението да биде организација чиишто членови ги уважуваат и пазат законите на државата, ги заштитуваат своите права и законски интереси и ги уважуваат правата и законските интереси на другите.

**Член 11**

Основните задачи на Здружението РАДКО - Охрид:

- Бугарите од Р. Македонија да претставуваат конститутивен елемент во Уставот на државата;

- Еден од службените јазици на државата да биде и Бугарскиот литературен јазик;

- Афирмација на Бугарската историја и култура;

- Заштита од присвојување и фалсификување на Бугарската историја и култура;

- Возобновување на потребните културно-образовни и црковни институции во Р. Македонија по подобие на бугарските културно-образовни и црковни институции коишто суштествуваа на територијата на Р. Македонија во времето на Османската империја, се разбира прилагодени на современите услови и потреби;

- Возобновување на духовното и културното единство на Бугарите од Р. Македонија и Бугарите од Р. Бугарија;

- Заштита на Бугарите во Р. Македонија од репресии, полициско набљудување и малтретирање, прогонување, дискриминација и културен геноцид.

**Член 12**

Здружението РАДКО - Охрид своите цели и задачи ги остварува преку:

- индивидуално и колективно дејствување на членовите и органите на здружението;

- учество на здружението во општественото и во политичкиот живот;

- соработка на здружението со сооодвтни здруженија и структури од земјата и од странство.

## 4. ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 13**

Пристапувањето во Здружението РАДКО - Охрид е добртоволно и лично право на секој граѓанин којшто ги прифаќа статутот и програмата на здружението.

Основачите се членови на здружението со еднакви права и одговорности, како и другите членови на здружението.

**Член 14**

Член на здружението може да биде секој државјанин на Република Македонија, како и државјанин на странска држава, кој има навршено 18 години, со потпишување на изјава за зачленување кон здружението.

Формата и изгледот на изјавата за зачленување ја утврдува Собранието на основачите.

**Член 15**

Здружението води регистар на членови и евиденција на членовите на органите!

Податоците во регистарот на членови и евиденцијата на членовите на органите се ажурираат секоја година.

**Член 16**

Членот на здружението ги имо следните права, обврски и должности:

- активно да учествува во остварувањето на целите, задачите и документите на Здружението РАДКО - Охрид, како и активностите кои од нив произлегуваат;

- да учествува во утврдувањето и спроведувањето на активностите на сите нивоа на организирање, преку иницирање, подготовка и реализација на проекти во насока на целите, задачите и програмата на здружението;

- да избира и да биде избиран во органите на здружението;

- редовно да биде информиран за активностите на здружението;

- да бара да се изврши увид во користењето на средствата и приходите на здружението врз основа на писмено барање упатено до Извршниот Комитет на здружението;

- за својата работа одговара пред соодветните органи на здружението.

**Член 17**

Престанувањето на членство во здружението може да настане врз основа на:

- сопствена определба за истапување на членовите;

- однесување кое го нарушува угледот на здружението;

- учество во активности спротивни на Статутот и Програмата на здружението.

## 5. ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 18**

Органи на Здружението РАДКО - Охрид се:

- собрание;

- извршен комитет;

- месен комитет и

- претседател.

## 5/А. СОБРАНИЕ

**Член 19**

Собранието на здружението е највисокиот орган којшто го сочинуваат сите членови на здружението.

**Член 20**

Собранието на здружението:

- донесува Статут, Програма и други општи акти;

- ја усвојува завршната сметка;

- го донесува финансискиот план за развој;

- решава за основање и укинување на ограноци и други облици на организирање на здружението;

- решава за статусна промена;

- констатира прием на нови членови и престанок на членување;

- избира органи на здружението;

- решава за престанок на здружението со двотретинско мнозинство;

- решава и за други прашања кои не се во надлежност на други органи на здружението и

- врши други работи во согласност на општите акти.

**Член 21**

Собранието работи со седници.

Собранието одржува седница најмалку еднаш годишно!

Седница на собранието свикува претседателот на собранието.

Седница на собранието се свикува и по предлог на Извршниот Комитет или на 1/3 од вкупниот број членови на собранието.

Ако претседателот на собранието во рок од 15 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Извршниот Комитет или иницијаторите најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето за одаржување.

Начинот на свикување на седница ја определува Извршниот Комитет.

Собранието може да работи ако на него присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број на членови.

Решението на Собранието е полноважно ако е донесено со мнозинство на гласови од присутните членови на Собранието.

**Член 22**

За работата на Собранието се води записник, кој го потпишува Претседателот на здружението и записничарот.

## 5/Б. ИЗВРШЕН КОМИТЕТ

### Член 23

Собранието избира извршен орган - Извршен комитет, во кој мнозинството од членовите се државјани на Република Македонија.

Извршниот комитет го сочинуваат седум членови. Председателот на Извршниот комитет е Претседателот на здружението.

Извршен комитет:

- ги подготвува седниците на Собранието;

- го подготвува нацртот на Статутот, заклучоците и решенијата донесени од Собранието;

- управува и одговара за управувањето со имотот на здружението;

- врши контрола за наменско користење и располагање со средствата и приходите на здружението;

- подготвува годишни, или периодични извештаи за својата работа и ги објавува на вебстраницата на здружението;

- води регистар на членови и евиденција на членовите на органите;

- поднесува барање за надоместок на штета;

- решава за средствата што остануваат по регулирањето на задолженијата, во случај на престанок на работа на здружението;

- врши и други работа.

## 5/В. МЕСЕН КОМИТЕТ

### Член 24

Основен облик на територијално организирање на здружението е Месниот комитет.

Месниот комитет дејствува врз остварувањето на целите и задачите на територијата која ја опфаќа.

Месниот комитет се основа со решение на Извршниот комитет.

### Член 25

Месниот комитет ги има следните органи и тела:

- собрание;

- извршен совет;

- претседател.

**5/Г. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЗДРУЖЕНИЕТО**

**Член 26**

Собранието избира Претседател на здружението, по предлог на најмалку пет членови.

Претседателот на здружението е и Претседател на Извршниот комитет. Мандатот на претседателот трае четири години.

**Член 27**

Претседателот на здружението се избира од редот на членовите, со тајно гласање.

За избран се смета оној кандидат за Претседател на здружението, што добил мнозинство гласови од присутните членови на Собранието.

**Член 28**

Во случај ниту еден од кандидатите да не го добие потребното мнозинство гласови во првиот круг на гласање, во вториот круг одат првите два кандидати кои имаат најголем број на гласови.

За избран се смета оној кандидат за претседател кој во вториот круг добил мнозинство гласови од присутните членови на Собранието.

**Член 29**

Претседателот ги има следните права, должности и одговорности:

- ги свикува и претседава со седниците на Собранието и Извршниот комитет;

- го предлага составот на Извршниот комитет;

- предлага програма за работа на здружението;

- ги потпишува актите што ги донесува Собранието и Извршниот комитет;

- го застапува и претставува здружението;

- остварува и други права, должности и одговорности, што ќе му ги доверат Собранието и Извршниот комитет.

**Член 30**

Членовите на органите на здружението и претседателот на здружението се должни да управуваат и работат со внимание и во согласност со начелата на добро управување, во интерес на здружението, а над личните интереси, односно во интерес на остварување на целите и задачите на здружението.

## 6. СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 31**

Здружението РАДКО - Охрид финансиски средства обезбедува од:

- членарина;

- доброволни прилози;

- донации;

- подароци;

- приходи од сопствени дејности;

- други приходи во согласност со законот.

**Член 32**

Финансиските средства се употребуваат за остварување на целите и задачите на здружението определени со статутот и програмата.

**Член 33**

Работата во Здружението РАДКО - Охрид по правило е доброволна!

Средствата на здружението не можат да се исплаќаат на членовите, основачите, членовите на органите на здружението и претседателот на здружението, освен во случаи при надоместок на патни и дневни трошоци.

**Член 34**

Членовите на органите на здружението и претседателот солидарно се одговорни за штетата на здружението предизвикана од нивната работа, ако таа е предизвикана со грубо невнимание или со намера да се предизвика штета, освен во случаите кога во решавањето го издвоиле своето мислење во записник или ако не учествувале во решавањето.

Барање за надоместок на штета поднесува Извршниот комитет.

**Член 35**

Извршниот комитет е должен на вебстраницата на здружението да ги објавува годишните и периодичните извештаи за своето работење.

**Член 36**

Во случај на престанок на работа на здружението, средствата што остануваат по регулирање на задолженијата, се користат на начин како што ќе реши Извршниот комитет!

## 7. КОНТРОЛА ЗА НАМЕНСКО КОРИСТЕЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО СРЕДСТВАТА И ПРИХОДИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 37**

Контрола за наменско користење и располагање со средствата и приходите на здружението ја врши Извршниот комитет.

**Член 38**

Секој член на здружението може да бара да се изврши увид во користењето на средствата и приходите на здружението врз основа на писмено барање упатено до Извршниот Комитет на здружението.

## 8. ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕСТАВУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 39**

Здружението РАДКО - Охрид го застапува и претставува Претседателот, односно лице кое тој ќе го овласти, од редот на членовите.

Претседателот го застапува и претставува здружението во земјата и во странство.

## 9. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

**Член 40**

Јавноста во работата на Здружението РАДКО - Охрид се обезбедува преку:

- Присуство на неговите членови и други заинтересирани лица на седниците на органите и нивните работни тела;

- Достапност на извештаите и други материјали од работата на здружението до сите членови и другите заинтересирани лица и нивно доставување до јавноста преку средствата за информирање;

- Издавање на билтени, весници, информатори и други публикации;

- Организирање на конференции за средствата за информирање;

- Непосредно настапување на овластените претставници на здружението пред средтвата за јавно информирање;

- Други начини кои овозможуваат навремено и вистинито известување на јавноста за работата на здружението.

## 10. ЗАВРШНИ ОПРЕДЕЛБИ

### Член 41

Постапката за измена и дополнување на Статутот е иста како и за донесување на нов Статут.

### Член 42

Овој Статут влегува во сила со неговото донесување.

06.09.2011г.
Охрид

Претседател
Владимир Паунковски
______________________________